**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**
**на ветеринарно – медицински препарат**

**Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (латиница) – Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (македонски јазик)**

NOBIVAC RABIES / НОБИВАК РАБИЕС

**фармацевтска форма**
Инјекциска суспензија

**генеричко име на ветеринарно – медицинскиот препарат**
Инактивиран вирус на беснило, сој Pasteur RIV

## 1. Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет и име и адреса на производителот

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
Д.П.Т.У. ВИТА ВЕТ ДОО увоз извоз, Скопје
ул."Тајмишка" бр. 32 - Скопје,
Р. Македонија

**Име и адреса на производителот:**
Intervet International B.V.
Wim de Körverstraat 35, 5831 AN Boxmeer,
the Netherlands

## 2. Име на ветеринарно – медицинскиот препарат

NOBIVAC RABIES / НОБИВАК РАБИЕС

## 3. Содржина на активни супстанции и други состојки

**Активни супстанции:**
Инактивиран вирус на беснило, сој Pasteur RIV: најмалку 2 IE.

**Помошни супстанции (ексципиенти):**
Медиум за култивирање
Алуминиум фосфат
Динатриум фосфат дихидрат
Натриум фосфат дихидрат
Тиомерсал
Вода за инјекции

## 4. Терапевтски индикации

Активна имунизација против беснило на здрави кучиња, мачки, говеда,овци, кози, феретки, лисици и коњи.

## 5. Контраиндикации

Нема.

## 6. Несакани дејства

Може да се појави локална реакција при инокулацијата.
По субкутана примена понекогаш може да се појави минлив видлив оток на местото на инјектирање.
По примената понекогаш може да се појават генерализирани хиперсензитивни реакции.

## 7. Видови на животни за кои што е наменет ветеринарно - медицинскиот препарат

Куче, мачка, говедо, овца, коза, феретка, лисица и коњ.

## 8. Дозирање за секој поединечен вид, начин и фрекфенција на примена и препорака за правилна употреба

Вакцинациски протокол

*Примарна вакцинација:*
- Куче, мачка: единечна вакцинација со една доза по животно по навршување старост од 3 месеци.
- Говедо, овца, коза, коњ: единечна вакцинација со една доза по животно по навршување старост од 6 месеци.
-Феретка: единечна вакцинација со една доза по животно по навршување старост од 3 месеци.

*Ревакцинација:*
Куче, мачка: секоја трета година, единечна вакцинација со една доза по животно.
Говедо, коњ: секоја втора година со единечна вакцинација со една доза по животно.
Овца, коза и лисица: годишно, единечна вакцинација со една доза по животно.

Администрација:
Куче и мачка: субкутана или интрамускуларниа инјекција.
Говедо, овца, коза и коњ: интрамускуларна инјекција.
Феретка : субкутана инјекција.

## 9. Совет за правилна примена

- Да се вакцинираат само здрави животни.
- Пред употреба треба да се дозволи вакцината да достигне собна температура (15-25 ° C).
- Да се користат само стерилни шприцеви и игли.
- Вакцината да се протресе пред и за време на употребата.
- Nobivac Rabies може да се употребува за реконституирање на лиофилизираните Nobivac кучешки вакцини .
- Nobivac Rabies може да се применува истовремено со Nobivac Leptospirosis но на различно место на инјектирање
- Да се чува вон дофат и вид на деца

## 10. Каренца на ветеринарно – медицинскиот препарат

Говеда, овца, коза и коњ:
Нула денови

## 11. Начин на чување и рок на употреба

Да се чува во ладилник на температура од 2 °C – 8 °C заштитена од светлина. Да не се мрзне.
Рок на траење на ветеринарно медицинскиот препарат во неговото продажно пакување: 4 години.
Рок на траење по отворање на шишенцето: да се искористи во рок од 10 часа.

## 12. Посебни мерки на претпазливост

Посебни мерки за претпазливост при користење кај животни
Нема.

Посебни мерки на претпазливост кои треба да бидат превземени од страна на лицето кое го администрира ветеринарно-медицинскиот препарат
Нема.

Примена во тек на гравидитет и лактација
Вакцината може да биде употребувана во тек на гравидитетот и лактацијата.

## 13. Посебни предупредувања за отстранување на неупотребениот ветеринарно – медицински препарат или отпадниот материјал од ветеринарно – медицинскиот препарат

Секој неискористен ветеринарно медицински производ или отпадни материјали добиени од таквиот ветеринарно медицински производ треба да бидат отстранети во согласност со локалните одредби.

## 14. Останати информации

Нема достапни информации во врска со безбедноста и ефикасноста на оваа вакцина кога е користена во комбинација со други ветеринарно-медицински препарати. Во поглед на користењето на оваа вакцина пред или по други ветеринарно-медицински препарати, треба да се донесе одлука врз основа на секој посебен случај.

## 15. Пакување

Картонска или пластична кутија со стаклени садови (хидролитички тип II, Ph. Eur.) од 1 или 10 дози, затворени со чеп од халогенобутилна гума и со алуминиумски капак.
Сите пакувања не мора да бидат присутни на пазарот.

## 16. Начин на издавање

Ветеринарно медицински препарат што се употребува само во ветеринарно друштво, од доктор по ветеринарна медицина или под негова директна одговорност.

## 17. АТС вет код

ATCvet code: QI07AA02
Фармакотерапевтска група: Инактивирана вирусна вакцина

**18. АХВ број**

1404

**19. Број на одобрението за ставање во промет на ветеринарно – медицинскиот препарат**

16-5780

**20. Датум на последна ревизија на упатството за употреба**

16.02.2022